Врз основа на член 73 став (1) точка 2 потточка 2.3 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25) и член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на РСМ“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на 16 јули 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Елвис Гаврилов УП2 бр. 09-253/26 од 4 јуни 2026 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1163623630 од 24.05.2026 за период 18.11.2025-20.05.2026 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ОДБИВА.

2. Фактурата за испорачана електрична енергија бр. 1163623630 од 24.05.2026 за период 18.11.2025-20.05.2026 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Елвис Гаврилов до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-253/26 од 4 јуни 2026 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1163623630 од 24.05.2026 за период 18.11.2025-20.05.2026 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје.

Според ЕВН ХОМЕ – приговараната фактура е изготвена врз основа на оптички отчитани состојби (согласно Извештај за отчитани состојби на броилото).

Во фактурата се опфатени пресметковни елементи за кои согласно регулатива се изготвува месечна пресметка:

1. Надоместок за пренос и дистрибуција на електрична енергија (износот зависи од потрошена електрична енергија);
2. Надоместок за пристап на електродистрибутивниот систем (дефиниран износ по категорија на приклучок);
3. Комунална такса за јавно осветлување (дефиниран износ по категорија на приклучок).

Воедно по извршената проверка утврдено е дека каматата е произлезена поради задоцнето плаќање на побарувања по крајниот рок за плаќање. Согласно Законот за облигациони односи за плаќањето на побарувања за електрична енергија по крајниот рок за плаќање (наведен во самите фактури, независно дали се редовни, тужени, спогодби за плаќање на рати и сл.) се пресметува законска казнена камата. Каматата се пресметува по извршена уплата, истата е дел од фактурите за електрична енергија и останува обврска за плаќање.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 7 јули 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-253/26 од 4 јуни 2026 година со прилог:

- Приговараната фактура

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 24 јуни 2026 година со прилог:

- Извештај за отчитани состојби на броилото од 20.05.2026
- Пресметка на камата бр. 2061751321 и 2061751322 од 16.03.2026

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, согласно доставениот Извештај за отчитани состојби на потрошена електрична енергија, видно е дека состојбата на броилото во однос на потрошената електрична енергија во висока тарифа и ниска тарифа е соодветно прикажана и фактурирана во коригираната фактура, а блоковите се соодветно проширени.

Согласно член 29 од Правилата за снабдување со електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 138/19 и 159/22) (во понатамошниот текст: Правила за снабдување) операторот на електродистрибутивниот систем отчитувањето на мерните уреди кај домаќинствата го врши најмалку еднаш квартално во текот на календарската година, а по исклучок, отчитувањето на мерните уреди може да се врши и повеќе пати во текот на пресметковниот период кога е тоа потребно поради промена на тарифата за дистрибуција на електрична енергија или кога потрошувачот доставил приговор на фактурата.

Согласно член 31 од Правилата за снабдување ако операторот од било која оправдана причина, не успеал да изврши отчитување на мерниот уред во предвидениот рок, пресметката на потрошената електрична енергија за тековниот пресметковен период ќе се изврши збирно со пресметката за потрошената електрична енергија во наредниот пресметковен период. Во овие случаи, операторот има право да изврши проценка на потрошувачката и проценката да ја достави до снабдувачот. Точната пресметка и соодветното порамнување ќе се изврши кога ќе се создадат услови за отчитување на мерниот уред. Снабдувачот може да ги прифати податоците од самоотчитувањето на мерните уреди од страна на потрошувачот за пресметковниот период во кој операторот не извршил отчитување.

Согласно член 10 ставови (5), (6) и (7) од Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 246/23), периодот за којшто се пресметуваат надоместоците (пресметковен период) по правило е 30 дена при што универзалниот снабдувач е должен да издаде најмалку 12 фактури во текот на една календарска година. Граничните вредности на блоковите од членот 7 став (2) на овој тарифен систем се однесуваат на потрошувачка во ВТ (висока тарифа) за период од 30 дена и поради тоа треба да бидат деливи со бројот 30. Во случаите кога фактурата за испорачана електрична енергија се однесува за период различен од 30 дена, граничните вредности на блоковите се зголемуваат или намалуваат пропорционално на бројот на денови во пресметковниот период.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–253/26**
**16 јули 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**